Почитувани,

Агенцијата за разузнавање (АР) изразува жалење и го осудува инцидентот кој се случи пред арената "Филип Втори" во Скопје за време на Супер Купот, а во кој беше инволвиран наш вработен. Сакаме да ве информираме дека АР се оградува од сите индивидуални постапки на вработените вон работното време, а за истите ќе постапува во согласност со Законот за работни односи, Законот за Агенцијата за разузнавање и Правилникот за работа на Агенцијата.

Во оваа прилика сакаме да истакнеме дека имаме разбирање за интересот на пошироката јавност и медиумите за природата на нашата работа или активностите на вработените во АР. Оттаму, ги замолуваме претставниците на медиумите како и сите останати припадници на институциите на државата да информираат на професионален начин кој не ја загрозува безбедноста на вработените во безбедносните служби. Откривањето на личниот идентитет на вработени во безбедносните служби од било кои причини, создава ризици и ја загрозува безбедноста на лицата и нивните најблиски.

Агенцијата за разузнавање ја почитува професионалноста и посветеноста на медиумите и институциите кои известуваат навремено, точно, релевантно и со почит кон приватноста и безбедноста на овластените службени лица од безбедносните служби, а кои се во согласност со професионалните стандарди и новинарски кодекси.

Со почит
Агенција за разузнавање на Република Македонија